ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1709/2
18.03.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1709/1 од 13.03.2025 година, поднесено о[redacted], го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1709/1 од 13.03.2025 година, поднесено о[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

-Колку диви депонии се регистрирани на територијата на Општина Велес во 2024 година?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УВАЖУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Во текот на 2024 година се регистрирани неколку диви депонии и извршено е нивно расчистување на следниве локации:

1. Позади Автобуска станица Велес
2. Дива депонија ул.Љубен Весов/кај оџакот

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar“ No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

3. Дива депонија ул.Вера Циривири
4. Дива депонија ул.Архиепископ Михаил (спој со ул.Кочо Рацин,спрема јаворот во напуштен изгорен стамбен објект).
5. Дива депонија ул.Хаџи Косте под железен мост
6. Мала дива депонија (кај џебовите на ул.11-ти Октомври-горно пазарче кај КАМ),
7. Чистење на мала дива депонија на ул.Вардарска,
8. Помали депонии во околината на езеро Младост, на пешачките патеки
9. Чистење на мали диви депонии на следниве улици:
- Тодор Јанев
- .Бане Андреев-Ронката
- .Благој Ѓорев (позади маркет ЖИТО-АВОНА)
- .АСНОМ (Топилница) со зелениот појас
- .Вардарска (Шорка)
- .Петре Прличко (кеј на р.Вардар)
- .Петре Прличко (кај ординација Панче Васков)
- .Алексо Демниевски Бауман (кај железничка станица)
- Лазо Осмаков (позади Хигиенски)

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*